**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2019 година

## Соопштение за печат

## Ревизија на податоците во екстерната статистика за 2017 и 2018 година

Согласно со меѓународно пропишаните стандарди и политиката за ревизија на податоците за екстерната статистика објавени во рамки на Методолошките објаснувања, Народната банка на Република Северна Македонија спроведува ревизија на објавените податоци за екстерната статистика (платен биланс, бруто надворешен долг/побарувања и меѓународна инвестициска позиција, како и за состојбите и движењата кај директните инвестиции) на редовна годишна основа.

Ревизијата произлегува пред сè од потребата за вклучување на новодобиените податоци од изворите на податоци коишто се прибираат со годишна динамика, а со цел да се подобри опфатот и класификацијата, односно квалитетот на прикажаните податоци.

Поконкретно, ревизијата на податоците во најголем дел произлегува од:

– *Вклучувањето податоци од годишните прашалници за вложувањата во/од странство за 2018 година.*

– *Ревизија на податоците за увоз и извоз на стоки за 2017 година, како резултат на добивање дефинитивни податоци за надворешнотрговската размена на стоки за 2017 година.*

– *Вкрстена проверка на квалитетот на податоците од користените извори, што доведува до промени во опфатот на податоците и/или прекласификации заради подобар опфат и квалитет на податоците за 2018 година.*

### *Платен биланс*

*Со извршената ревизија на податоците за 2017 година, дефицитот на* ***тековната сметка*** *изнесува 105,2 милиона евра, односно бележи зголемување за 2,3 милиони евра. Показателот салдо на тековната сметка во однос на БДП од 1% се зголеми на 1,1% т.е. за 0,1 п.п.*

Ревизијата е резултат на вклучувањето на дефинитивните податоци за надворешнотрговската размена за 2017 година добиени од Царинската управа на Република Северна Македонија. Притоа, во тековната сметка овие ревизии придонесоа за намалување на суфицитот кај услугите за 2,2 милиони евра и речиси непроменет дефицит од стоковната размена, при истовремено зголемување на нето-обврските врз основа на трговски кредити во рамки на финансиската сметка, за 3 милиони евра.

*Резултатите од извршената ревизија на податоците за 2018 година покажуваат намалување на дефицитот на тековната сметка за 17,1 милион евра, со што тој се сведе на 14,9 милиони*

*евра. Како резултат на ова, дефицитот на тековната сметка во однос на БДП се намали од 0,3% на 0,1%, што е помалку за 0,2 п.п. за 2018 година.*

Најголем придонес во годишната ревизија на тековната сметка има промената на салдото кај **подбилансот на секундарен доход**, каде што позитивното салдо е зголемено за 11,2 милиони евра. Промената, пред сѐ, произлегува од вклучување на приливите врз основа на даноци за дивиденди наплатени од нерезиденти (9,8 милиони евра), коишто се единствено расположливи преку годишниот прашалник за вложувањата од странство.

Ефекти од ревизијата врз билансот на плаќање во 2017 и 2018 година
(во милиони евра, во %)

| | пред ревизија | | по ревизија | | Разлика | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2017** | **2018** | **2017** | **2018** | **2017** | **2018** |
| **I. Тековна сметка** | **-102.9** | **-31.9** | **-105.2** | **-14.9** | **-2.3** | **17.1** |
| Стоки | -1,787.9 | -1,736.6 | -1,787.3 | -1,734.9 | 0.6 | 1.7 |
| Услуги | 377.0 | 357.8 | 374.7 | 362.2 | -2.2 | 4.4 |
| Примарен доход | -397.5 | -450.5 | -397.5 | -450.7 | 0.0 | -0.3 |
| Секундарен доход | 1,705.5 | 1,797.3 | 1,704.9 | 1,808.5 | -0.7 | 11.2 |
| **II.Капитална сметка, нето** | **18.0** | **6.9** | **18.0** | **11.6** | **0.0** | **4.7** |
| **III.Финансиска сметка, нето** | **-94.5** | **-7.5** | **-97.5** | **5.1** | **-3.0** | **12.6** |
| Директни инвестиции, нето | -180.0 | -621.9 | -180.0 | -603.7 | 0.0 | 18.2 |
| Портфолио-инвестиции, нето | 18.5 | -320.3 | 18.5 | -320.3 | 0.0 | 0.0 |
| Финансиски деривати (освен резерви) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати инвестиции, нето | 213.0 | 384.4 | 209.9 | 378.9 | -3.0 | -5.6 |
| Останат сопственички капитал | -0.3 | -0.9 | -0.3 | -1.4 | 0.0 | -0.5 |
| Валути и депозити | 248.5 | 286.0 | 248.5 | 285.6 | 0.0 | -0.4 |
| Заеми | 36.8 | -10.8 | 36.8 | -7.2 | 0.0 | 3.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | -72.2 | 109.9 | -75.2 | 101.7 | -3.0 | -8.3 |
| Останати сметки за наплата/плаќање | 0.3 | 0.2 | 0.3 | 0.2 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (Нето-создавање обврски) | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 0.0 |
| Официјални девизни резерви | -146.0 | 550.3 | -146.0 | 550.3 | 0.0 | 0.0 |
| **Грешки и пропусти, нето** | **-9.6** | **17.6** | **-10.3** | **8.4** | **-0.7** | **-9.2** |
| **Ставки на меморандум** | | | | | | |
| Директни инвестиции во странство | 1.8 | 2.6 | 1.8 | 10.4 | 0.0 | 7.8 |
| Директни инвестиции во земјата | 181.7 | 624.5 | 181.7 | 614.1 | 0.0 | -10.4 |
| Тековна сметка, % од БДП | -1.0 | -0.3 | -1.1 | -0.1 | 0.0 п.п. | 0.2 п.п. |
| Трговско салдо (ф.о.б.) % од БДП | -17.9 | -16.2 | -17.8 | -16.2 | 0.0 п.п. | 0.0 п.п. |
| ДИ во земјата % од БДП | 1.8 | 5.8 | 1.8 | 5.7 | 0.0 п.п. | -0.1 п.п. |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства.
Извор: НБРМ, ДЗС.

Во рамките на тековната сметка, ревизија беше направена и кај **подбилансот на услуги** заради зголемување на суфицитот за 4,4 милиони евра (зголемени нето-приливи кај транспортни, останати деловни услуги, градежни услуги и телекомуникациски и компјутерски услуги) и кај **подбилансот на стоки** заради намалување на трговскиот

дефицит за 1,7 милиони евра (кај работите на посредување). Ревизиите кај овие подбиланси во најголем дел се резултат на промените кај користените извори со кои се подобруваат опфатот и квалитетот на податоците.

Кај **примарниот доход** ревизијата доведе до минимална промена, односно зголемен нето-одлив за 0,3 милиони евра. Притоа, зголемените нето-одливи по доход од инвестиции од сопственички инструменти (од 3,5 милиони евра) речиси целосно беа неутрализирани со намалените нето-одливи по доход од камата (од 3,2 милиона евра), во најголем дел кај останатите инвестиции. Промената кај доходот од инвестиции, пред сѐ, произлегува од замената на проценетиот износ на новосоздадената добивка од компании во странска сопственост со остварениот, како и на проценетиот износ на добивка остварена од страна на резиденти од вложувања во странство, додека промените кај доходот од останати инвестиции произлегува од подобар опфат на податоците за каматите по должнички инструменти.

Ревизијата кај **капиталната сметка** доведе до зголемување на суфицитот за 4,7 милиони евра, пред сѐ поради евидентиран трансфер на сопственоста во домашно претпријатие од нерезидент на резидент.

Нето-приливите во **финансиската сметка**, по спроведената ревизија, се намалени за 12,6 милиони евра, при што најзначајна промена бележат директните инвестиции (намалени нето-обврски за 18,2 милиона евра) и трговските кредити (зголемени нето-обврски за 8,3 милиони евра), а во помал обем промени има и кај заемите (намалени нето-обврски за 3,5 милиони евра).

Во рамки на категоријата „директни инвестиции", промените во најголем дел се резултат на вклучувањето на податоците од годишниот прашалник со кои се заменуваат проценетите износи на новосоздадената добивка и пресметаните дивиденди, како и на вкрстените проверки на квалитетот на податоците во користените извори. Како резултат на тоа, нето-стекнувањето средства врз основа на директните инвестиции е намалено за 3,2 милиона евра, додека кај нето-создавањето на обврски е извршена надолна ревизија за 21,3 милиони евра. Намалувањето кај оваа ставка е резултат на сите три поткомпоненти, и тоа: намалување на обврските врз основа на меѓукомпаниски долг за 17,8 милиони евра, сопственичкиот капитал за 1,8 милиони евра и реинвестираната добивка за 1,7 милион евра.

По ревизијата, грешките и пропустите во билансот на плаќања се намалени за 9,2 милиона евра и изнесуваат 8,4 милиони евра (со позитивен предзнак).

Соодветно на промените во платниот биланс се извршени и промени во објавените податоци за движењата кај директните инвестиции, вклучително и во дополнителните податоци по земји и дејности.

## *Бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и нето надворешен долг*

Извршената годишна ревизија на податоците доведе до намалување на состојбата на бруто надворешниот долг за 63,8 милиони евра и намалување на бруто надворешните побарувања за 17,7 милиони евра, со што нето надворешниот долг се намали за 46,1 милион евра. По ревизијата, бруто надворешниот долг за 2018 година, изразен како процент од БДП, изнесува 73,1%, што претставува намалување за 0,6 п.п., додека бруто надворешните побарувања изнесуваат 48,8% од БДП и се пониски за 0,2 п.п.

Анализирано по сектори, ревизијата кај бруто надворешниот долг имаше одраз кај обврските на останатите сектори[1] (намалување за 46 милиони евра), но и кај меѓукомпанискиот долг (намалување за 17,8 милион евра).

На страната на бруто надворешните побарувања, кај останатите сектори има намалување за 14,6 милиони евра, додека меѓукомпаниските побарувања се намалени за 3,1 милион евра.

Промените кај долгот и побарувањата доведоа до намалување на нето надворешниот долг за 46,1 милион евра, при намалување на нето-долгот на останатите сектори за 31,4 милиони евра и на нето меѓукомпанискиот долг за 14,7 милиони евра.

Ефекти од ревизијата врз долгот, побарувањата и нето-долгот во 2018 година
(во милиони евра, во %)

| **Сектор на резидент** | **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | | | **БРУТО НАДВОРЕШНО ПОБАРУВАЊЕ** | | | **НЕТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлика** |
| 1. ДРЖАВА | 2,822.6 | 2,822.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 2,822.6 | 2,822.6 | 0.0 |
| 2. ЦЕНТРАЛНА БАНКА | 79.8 | 79.8 | 0.0 | 2,619.2 | 2,619.2 | 0.0 | -2,539.4 | -2,539.4 | 0.0 |
| 3. ДЕПОЗИТНИ ИНСИТУЦИИ, освен централна банка | 568.4 | 568.4 | 0.0 | 735.2 | 735.2 | 0.0 | -166.8 | -166.8 | 0.0 |
| 4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ | 2,320.0 | 2,274.0 | -46.0 | 1,121.7 | 1,107.1 | -14.6 | 1,198.3 | 1,166.9 | -31.4 |
| 5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ | 2,116.7 | 2,098.9 | -17.8 | 784.3 | 781.3 | -3.1 | 1,332.4 | 1,317.6 | -14.7 |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **7,907.5** | **7,843.7** | **-63.8** | **5,260.4** | **5,242.7** | **-17.7** | **2,647.1** | **2,601.0** | **-46.1** |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ % од БДП** | **73.7** | **73.1** | **-0.6 п.п.** | **49.0** | **48.8** | **-0.2 п.п.** | **24.7** | **24.2** | **-0.4 п.п.** |

Извор: НБРМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција*

Ревизијата на податоците во извештајот за МИП, освен промените на должничките инструменти опфатени погоре, опфаќаат промени и кај сопственичките инструменти, во рамки на ставките директни и портфолио-инвестиции. Ревизијата кај сопственичките инструменти произлегува од потребата првично проценетите податоци коишто се објавуваат со квартална динамика да се заменат со податоци од годишните прашалници за вложувања во и од странство.

[1] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

*По спроведената ревизија,* ***негативната нето МИП*** *е зголемена за 93,8 милиони евра и изнесува 6.039,5 милиони евра, односно 56,3% од БДП (зголемување за 0,9 п.п.). Зголемувањето е резултат на зголемени обврски за 60,9 милиони евра, при истовремено намалување на средствата за 32,9 милиони евра.*

На страна на средствата, директните инвестиции и трговските кредити бележат надолна ревизија за 19,4 милиони евра и 14,5 милиони евра, соодветно, додека средствата врз основа на останатиот сопственички капитал се зголемени за 1,1 милион евра. Во рамки на директните инвестиции, сопственичкиот капитал[2] е намален за 16,3 милиони евра.

Ефекти од ревизијата врз МИП во 2018 година
(во милиони евра, во %)

| | 2018 | | |
|---|---|---|---|
| | **Пред ревизија** | **По ревизија** | **Разлики** |
| **МИП, нето** | **-5,945.6** | **-6,039.5** | **-93.8** |
| Средства | 5,946.5 | 5,913.6 | -32.9 |
| Обврски | 11,892.1 | 11,953.0 | 60.9 |
| *Сектори* | | | |
| МИП, нето, држава | -2,818.0 | -2,818.0 | 0.0 |
| МИП, нето, централна банка | 2,788.0 | 2,788.0 | 0.0 |
| МИП, нето, депозитни институции освен централната банка | -469.4 | -509.7 | -40.4 |
| МИП, нето, останати сектори | -5,446.2 | -5,499.7 | -53.5 |
| **Средства** | **5,946.5** | **5,913.6** | **-32.9** |
| Директни инвестиции | 915.6 | 896.2 | -19.4 |
| Портфолио-инвестиции | 321.2 | 321.2 | 0.0 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 1.8 | 2.9 | 1.1 |
| Валути и депозити | 694.0 | 694.0 | 0.0 |
| Заеми | 74.6 | 74.5 | -0.1 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 1,071.7 | 1,057.2 | -14.5 |
| Останати сметки за наплата | 0.5 | 0.5 | 0.0 |
| Девизни резерви | 2,867.1 | 2,867.1 | 0.0 |
| **Обврски** | **11,892.1** | **11,953.0** | **60.9** |
| Директни инвестиции | 6,052.3 | 6,141.3 | 89.0 |
| Портфолио-инвестиции | 1,797.3 | 1,813.2 | 15.9 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 2.2 | 4.2 | 2.0 |
| Валути и депозити | 206.2 | 206.2 | 0.0 |
| Заеми | 2,929.3 | 2,883.4 | -45.8 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 824.9 | 824.8 | -0.2 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 79.8 | 79.8 | 0.0 |
| **МИП, нето/БДП (%)** | **-55.4** | **-56.3** | **-0.9 п.п.** |

Извор: НБРМ, ДЗС.

[2] Со вклучена реинвестирана добивка.

На страната на обврските, поголеми промени, поточно зголемување, бележат директните инвестиции (за 89 милиони евра), портфолио-инвестициите (за 15,9 милиони евра) и останатиот сопственички капитал (за 2 милиони евра), додека промената кај заемите е намалување на обврските (за 45,8 милиони евра). Во рамки на директните инвестиции, сопственичкиот капитал е зголемен за 106,8 милиони евра (110,3 милиони евра зголемени останати промени на состојбата на капиталот[3] и негативни нето платнобилансни трансакции од 3,5 милион евра).

***Придружни информации***

Временски серии податоци и методолошки појаснувања:
http://www.nbrm.mk/eksterni_statistiki.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).

[3] Останатите промени се збир на курсни разлики, ценовни (вредносни) промени и останати промени кои влијаат врз состојбата на финансискиот инструмент, а не претставуваат трансакции (пр. промена во опфатот на известувачи, промена на резидентниот статус на инвеститорот, промени во доставените известувања за претходните години и сл.).